**Д-р Борис Петковски**

# И ПОНАТАМУ - БЕЗ КОНКУРЕНЦИЈА!



*Д-р Борис Петковски, редовен професор по Историја на уметноста во пензија, специјалист за современата македонска уметност, автор на 14 книги и над стотина објавени трудови во земјава и странство, неодамна го промовираше својот најнов труд монографијата "Василие Поповиќ-Цицо" во издание на книгоиздателството "Македонска книга" од Скопје, коешто беше и повод за разговор за овој, по се необичен и значаен ликовен творец.*



**Форум: Василие Поповиќ - Цицо е автор кој како да е малку подзаборавен од поширoката јавност. Кој беше вашиот мотив за издавање на монографија токму за неговото дело ?**

**ПЕТКОВСКИ**: Тоа дека Цицо е подзаборавен е точна констатација. Не од нечија малициозност или од други причини, туку, едноставно, таков е животот. Македонија има одлични карикатуристи кои се крајно активни и создаваат така за да ги забележи и светот, и не е чудно што во еден таков "натпревар" еден автор, и тоа покоен, тешко ја издржува таа "конкуренција". Меѓутоа, постојат и интереси и на струката, првенствено на карикатуристите и на сценографите. Си реков дека треба да ги потсетам на неговото постоење, меѓу другото и од причини на личен пиетет и познанство со Цицо. Ние сме работеле заедно, долга низа години во истиот Македонски народен театар, го знам, што се вели "на дело", играв во негови сценографии, на крајот на краиштата, сме живееле куќа до куќа во населбата Пролет, а го напишав и приказот за неговата прва самостојна изложба, далечната 1957, во тогашниот весник *Хоризонт*. Од друга страна, една од првите ретроспективи на Василие Поповиќ Цицо е направена во Музејот на современа уметност во 1973, кога сè уште бев директор. Мошне темелно ја подготвивме таа ретроспектива и тогашната монографска студија, што ја напишав во голема мерка ја вградив и во сегашната монографија. Секако, во меѓувреме се случија и многу други настани. Неколку колеги и колешки од струката дадоа свој придонес за македонската карикатура. Во таа смисла, тие се произнесуваа и за Цицо. Младата колешка Сузана Милевска одбрани дипломска на тема "Македонската карикатура", а потоа колегата Величковски напиша книга "Македонска карикатура", во којашто многу обемно го опфати и творештвото на Василие Поповиќ Цицо. Во сето тоа јас учествував многу непосредно, така што ако некој во Македонија не го заборавил Цицо, тоа сум секако јас.

**Како го вреднувате творештвото на Цицо - како карикатурист ?**

● Во социолошка и во историска смисла, неговите карикатури всушност се една прекрасна и благородна материја. Жестока е само кон жестоките, крвожедните, оние кои ги потиснуваат и ги мачат другите. Тој се произнесе така уште како студент, за војната во Абисинија, кога фашистичка Италија ја нападна таа кутра и сиромашна земја. Не пропушти во своите карикатури жестоко да го наслика бугарскиот фашистички окупатор. Една од неговите карикатури, поместена и во монографијата, и се вика така "Фашистичка парада". Но има цела серија карикатури на таа тема за кои не знам каде се, кои некаде исчезнаа. Во нив Цицо, со голем цинизам, предизвикан од реални животни околности, се искажал за таа фашистичка окупација. Но, пред тоа на Цицо му се случи една неверојатна работа, при што се покажува дека историјата треба да се проучува внимателно и опстојно. Цицо беше заробен од Германците, како војник на југословенската кралска армија, во април 1941 година, и пратен во логор во Германија. Тамошните логорски власти, сепак, му дозволуваат да црта карикатури и тој таму има направено едно чудо карикатури, сите врзани со темата за пропаднатата кралска југословенска војска. Врз тие карикатури стои печатот на германската логорска управа, која му дозволува и да си го земе бележникот во кој ги цртал своите карикатури, кога бил ослободен, кон средината на 1941 година, по ургенции на многу пријатели, меѓу кои и Никола Мартиновски. Така, тој е еден од оние европски уметници, а не беа малкумина, кои го кренаа својот глас против фашизмот и против сè што тој носеше со себе, и тој дел од неговиот творечки ангажман не би требало да се заобиколува.

**Сепак, Цицо Поповиќ е необичен и авангарден и по ликовниот пристап кон карикатурата.**

● Крајно е важно да подвлечам дека неговиот придонес во карикатурата е необичен и по еден факт што ниту јас не го согледав при првичното обработување, во 1973 година. Цицо спроведе две нови компоненти во своето твроештво. Ја усовршуваше својата карикатура со една тенденција карактеристична за целата тогашна ликовна уметност (педесеттите години), да се преземаат модерни ликовни поетики и да се приспособуваат на сопственото творештво, на начин за кој умет-



Групна карикатура на македонските ликовни уметници 1955

никот сметаше дека е соодветен на неговата личност, како творец. Така и Цицо Поповиќ органски ја развиваше својата карикатура внесувајќи цела низа ликовни решенија, кои во одделни карикатури и предничат пред подоцнежите пробиви на одредени правци. Во неговите карикатури, особено во цртежот, што посебно го нагласувам, се забележува промена на неговиот ликовен израз, подвлекување на една мошне доследно спроведена посткубистичка цртачка логика, чудесна смелост во користењето на колоритот и, нагласувам, тој секогаш дејствуваше како сликар во карикатурата и навлезе, во колористичка смисла и во смисла на колористичкото усогласување во карикатурите, во сферите на поп-артот. Овој негов придонес допрва треба да се проучува, доразработува и опсервира.

**Познато е дека Цицо се обидувал и во други ликовни дисциплини...**

● Правел и масла на платно, многу мал број, но искрено речено тие се помалку кохерентни, во творечка смисла на зборот, отколку неговите брилјантни цртежи, чудесни карикатури и многу важните сценографии. Во сликарството како да ги пренесува на некој начин сценографските решенија и опсервации . Тука некаде се наоѓа причината што не создал ниту многу дела и што тие не се многу впечатливи, барем што се однесува до маслата на платно, иако има и голем број акварели. Околу последниве, пак, има поделени мислења. Некои му даваат високи прерогативи. Јас, сепак, сметам дека се малубројни таквите дела кои го достигнуваат творечкото ниво на неговите карикатури и сценографии. Сценографијата е, пак, негова преокупација од далечната 1939 година. Виновник за тоа е неговиот голем пријател и заштитник Никола Мартиновски, кој му бил и ментор. Тој ги воведе Цицо и покојниот Тома Владимирски во тогашниот предвоен Скопски народен театар, едноставно условувајќи ја тогашната театарска управа. Оттогаш, па сè до својата прерана смрт, Цицо работеше како сценограф. Има работено сценографии за сите театарски диосциплини - драма, оперета, балет. Тој се сообразуваше чудесно со времето и со можностите, следејќи ги сите модерни остварувања, особено во драмата. Разгледувајќи ги неговите сценографии, констатирам, исто како и за неговите карикатури, дека и тие предничат пред нивото на конципирање на модерната ликовна мисла во Македонија во тој период. За жал, иако постојат одреден број фотографии и скици, неговото творештво во сценографијата денес како и да не постои. Не можам да тврдам дали има нешто останато во Македонскиот народен театар. Но, и тие што постојат, сведочат за тоа дека Цицо Поповиќ постигнал многу и во таа дисциплина



**Последниве години сме сведоци на големи ретроспективни изложби, како што се оние на Пандилов, Петлески, Личеновски, Белогаски, потоа најновата поставка во Музејот на град Скопје "Скопје од праисторијата до денес", а, секако, и Вашата монографија "Василие Поповиќ-Цицо", која е еден вид ретроспективно навраќање. На што се должи ова своевидно подвлекување линија во македонското културно творештво?**

● Сакам да подвлечам дека првата ретроспектива на Петлески беше направена 1971, како прва ретроспектива направена во Музејот на современата уметност, и ова *Форум* би требало да го нотира.

**Еве, го нотира...**

● Ин медиа рес. Можеби и сега можеме да кажеме дека посакуваме да дојде крајот на еден мачителен свет создаден во дваесеттиот век, без оглед на тоа колку сме во него вградени и со чувството дека сме постигнале нешто за коешто се мечтаело со векови. Притоа мислам на Македонија. Сепак, не можеме да заборавиме дека тоа беше едно од најгнасните и најжестоките столетија. Не би можел да одберам погрда војна од онаа што се случи неодамна на Косово и, воопшто, на Балканот. И дека низ сето тоа е уништувано она што е најскапоцено, човечките животи, но и најскапоцените културни вредности и достигнувања. Оваа наша територија како да е проколната да се уништува самата себеси, да ја уништуваат други, така што оние кошто се занимаваат со духовното творештво постојано се во духовна траума и со хистерично чувство, ако


Никола Мартиновски, 1955


Лазар Личеноски, 1955


Димитар Кондовски, 1960

сакате, дека ќе им отиде материјалот, дека сè ќе им исчезне во неповрат. Тоа, впрочем, и се случува. Нашите македонски булдожери го уништуваат македонското културно наследство, на пример кај Вардарски рид, на југот од Македонија. На разновиден начин се спроведува катадневен вандализам, во кој учествуваме сите без исклучок. Дури не знам дали и јас несвесно некаде не го повредувам она што е огромно антрополошко и духовно богатство и што, како такво, е вградено во оваа територија, којашто е дел од едно исклучително важно и богато подрачје за целата светска култура, а тоа е Медитеранот. Сметам дека сите мои колеги и колешки, историчари на уметноста, археолози, опсерватори на нашата културна историја, сега прават една чудесна работа. Во мигот на нивната професионална зрелост се свртуваат кон со децении собираното богатство, коешто често било недостапно за пошироката јавност, за да решат еден крупен проблем - конечно да се пресметаат со самите себеси, со она што го направиле во овие децении, со она што го собрале и сето да ѝ го покажат на јавноста и, конечно и најважно, да ѝ покажат и на Европа дека Македонија, ужасно бедна и мала, всушност е богата и голема. Овој тренд на реинтерпретација или прегледување на она што се случувало на нашиве простори го следат и низа музеи од внатрешноста. Но, паралелно со тоа, се случуваа и други чудесни потфати што ги користат модерните медиуми и технологии. Дигиталниот запис во форма на компакт диск ја претвора културата во нешто што се става в џеб, и што им е достапно на сите. Во таа смисла, им се заблагодарувам на моите колеги и колешки кои го изработија дискот во којшто е претставена Македонија од праисторијата до доаѓањето на Отоманската империја. Тој компакт диск ќе има и своја англиска верзија и, според моето скромно согледување, е еден од најмодерните материјали од таков вид што јас сум ги видел, а сум видел доста.

**Пак го споменувате Медитеранот и припадноста на македонското културно наследство кон земјите од истиот регион. Оваа Ваша размисла како да не беше особено добро прифатена од вашиот еснаф?**

● Јас не сум открил никакво медитеранско чудо, затоа што тоа е одамна предмет на опсервација на целокупната светска наука. Медитеранското подрачје на коешто апсолутно му припаѓа и Македонија, е едно од оние подрачја кои науката ги смета како генератори на извишувањата на човечкиот дух во сите области. Во Неапол, Италија, постои Медитеранска академија која, откривајќи ја Македонија како медитеранска територија пар екселанс, посака да ја вгради во своите истражувања. Презема иницијатива и дојде тука, кај нас, за да ја замоли нашата Академија на науките и уметностите да биде центар за медитерански истражувања на овој дел, кој го нарекуваме Балкан. Нашата Академија по тој повод организираше еден симпозиум за медитеранскиот контекст на македонската литература и уметност во сите подрачја. Изготвен е Зборник кој е испратен низ целиот свет, од каде што одгласите се исклучително позитивни. Истражувањата што сакаат да ги спроведат странски истанци, секако со наша помош и соработка, околу медитеранскиот контекст, којшто е блескаво изразен низ поезијата на Матеја Матевски, за што, пак, се напишани обемни студии, во творештвото на Анте Поповски, во размислата на еден Кочо Рацин, онака како што таа поетски се искажува, е само еден сегмент во пребогатата културна и духовна материја што се наоѓа на ова подрачје. За сè треба време, па и за тоа оваа космополитска идеја и размисла да најде, на општо прифаќање кај нас.

## ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ - ЦИЦО



Автопортрет во посткубистички манир, 1955

Роден во Скадар на 12 февруари 1914. Во Скопје се доселува во 1919. Основно училиште завршува во Скопје, а гимназија во Тетово и Призрен.Уметничката школа во Белград ја завршува 1938. Портрет карикатури започнува да црта уште во гимназиските денови, поради што имал проблеми со гимназиските управи. Со помош на Никола Мартиновски во 1939 година се вработува во Народниот театар во Скопје, каде работи како сценограф се до својата смрт 1962 година. Брилијантен карикатурист и сценограф се смета за основоположник на портрет карикатурата во Македонија.



Мирно лето, 1961

**Од каде тогаш отпорите кон оваа, како што велите космополитска идеја?**

● Отпорите доаѓаат од крајно приземни и дневни причини. Како што во последно време се води борба против македонизмот, општо земено, така сите што сакаат да помогнат во создавањето на типот и на карактеристиките на нашиот идентитет често биваат опсервирани со негативистички деструктивен став, кој е многу штетен за нас и за ова подрачје. Никој не предлага враќање кон минатото, туку се предлага негово критичко опсервирање и ревалоризирање. Се гордееме со колекциите за кои предмалку зборував, ги изложуваме и се фалиме со нив. Што би требало да правиме со нив? Да ги затвориме во депоата и да ги посочуваме само последните остварувања на нашата уметност, кои се, неспорно, блескави и кои јас навистина ги почитувам. Тоа би била една самубиствена операција која би била еднаква на културен идиотизам.

*Александар ЈАНКОВИЌ*